Уп. Бр. 08-139/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **ПроФарма Груп Холандија Б.В.,** со седиште на Шипхолвег 73, 23163Л Линден Холандија, преку адвокат Дејан Кнезоивиќ, Адвокатско Друштво Кнезовиќ и Соработници од Скопје, на седницата одржана на ден **04.10.2023** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **ПроФарма Груп Холандија Б.В.,** со седиште на Шипхолвег 73, 23163Л Линден Холандија има намера да стекне контрола над **Клинрес Фармација д.о.о**. со седиште на Сребрњак 61, Загреб, Хрватска, **ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КЛИНРЕС ФАРМАЦИЈА ДОО БЕЛГРАД** со седиште на Белградски батаљон 4, 11030 Белгард Србија, **Клинрес Фармација д.о.о**. со седиште на Алипашина 29, Сараево, Босна и Херцеговина,. **Клинрес фармација СХ.П.К.** со седиште на Улица “Џанфизе Кеко” бр. 56, Тирана, Албанија,. **Клинрес Фармација Бугарија ООД** со седиште во Софија 1712, ул. Филип Аврамов бр. 17, фл. 2, канцеларија 307. **Клинрес Фармација** со седиште во Грузија, Тбилиси, округ Сабуртало, ул. Шартава, бр. 40, кат 10, **Клинрес Фармација С.Р.Л**. со седиште на Бул. Димитрие Кантемир бр. 4, зграда 3Ц, влез А, кат 5, стан 23, сектор 4, Букурешт, Романија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 15.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **ПроФарма Груп Холандија Б.В.,** со седиште на Шипхолвег 73, 23163Л Линден Холандија со која **ПроФарма Груп Холандија Б.В.,** има намера да стекне контрола над **Клинрес Фармација д.о.о**. со седиште на Сребрњак 61, Загреб, Хрватска,. **ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КЛИНРЕС ФАРМАЦИЈА ДОО БЕЛГРАД** со седиште на Белградски батаљон 4, 11030 Белгард Србија,. **Клинрес Фармација д.о.о**. со седиште на Алипашина 29, Сараево, Босна и Херцеговина,. **Клинрес фармација СХ.П.К.** со седиште на Улица “Џанфизе Кеко” бр. 56, административна единица 12, Х 2, 3. 505, Тирана, Албанија,. **Клинрес Фармација Бугарија ООД** со

седиште во Софија 1712, ул. Филип Аврамов бр. 17, фл. 2, канцеларија 307,. **Клинрес Фармација** со седиште во Грузија, Тбилиси, округ Сабуртало, ул. Шартава, бр. 40, кат 10,. **Клинрес Фармација С.Р.Л**. со седиште на Бул. Димитрие Кантемир бр. 4, зграда 3Ц, влез А, кат 5, стан 23, сектор 4, Букурешт, Романија (сите заедно - директни целни друштва“), како и индиректна контрола над **Клинрес Фармација Д.О.О** Загреб Претставништво во Република Македонија Скопје со седиште на Арсо Мицков бр. 12, Скопје, Република Северна Македонија и Дел од странско друштво "Клинрес Фармација" Д.О.О – Претставништво Подгорица, со седиште на Бул. Свети Петар Цетински 114/I Подгорица, Црна Гора (заедно - индиректни целни друштва).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ПроФарма Групата** е глобален, независен давател на регулаторни, клинички и услуги за усогласеност со еден извор, кои опслужуваат компании за фармацевтски, биотехнолошки и медицински уреди. Основана во 2001 година, ПроФарма Групата има повеќе од 2.000 колеги ширум светот кои обезбедуваат решенија за сложени предизвици во динамична регулаторна средина. Со мисијата да го подобри здравјето и безбедноста на пациентите, ПроФарма е фокусирана на обезбедување услуги со највисок квалитет во текот на целиот животен циклус на производот, вклучувајќи регулаторни науки, решенија за клинички истражувања, консултации за наука за животот, фармаковигиланца и медицински информациски услуги.

Дополнително, ПроФрама Групата не е активна во Македонија и не остварува никаков промет во Македонија.

Целните друштва (директни и индиректни) обезбедуваат услуги за време на клиничкиот развој на нови лекови, медицински помагала и покриваат различни аспекти на процесот на регистрација на медицински производи, медицински помагала, додатоци во исхраната, козметика, биоциди и општи стоки. Целните друштва нудат дополнителни пост-маркетиншки и/или клиничка фармаковигиланца (PV) услуги преку воспоставување систем за фармаковигиланца, како и услуги за претпазливост за медицински помагала и други немедицински производи.

Директните Целни Друштва моментално имаат 1 поврзано лице во Република Северна Македонија: КЛИНРЕС ФАРМАЦИЈА д.о.о. Загреб – Претставништво во Република Македонија Скопје со седиште на Арсо Мицков бр. 29 Скопје, со приоритетна дејност 73.20 – истражување на пазарот и испитување на јавното мислење.

Целните Друштва не остваруваат никаков промет во Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека*

*истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**